**20240501275**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и член 24 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 февруари 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ДЕЈНОСТИТЕ ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФНИ СТАВОВИ НА ДРУШТВОТО ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ПАРЕА И ТОПЛА ВОДА СКОПЈЕ СЕВЕР АД – СКОПЈЕ

1. Во Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.2 29/23), точката 1 се менува и гласи:

„На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на дејноста производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, во износ од 57.674.439 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 10.129.627 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 8.914.071 kWh, на ниво на мерно место.“

2. Во точката 2 табелата се менува и гласи:

| Ред.бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.471,1897 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 3,4346 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2.574,5819 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 6,0105 |

3. Точката 3 се менува и гласи:

„Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства: останати“ е утврден да изнесува 1 : 1,75 “

4. Точката 4 се менува и гласи:

„Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат од денот на отпочнувањето на примена на оваа одлука до крајот на грејната сезона 2023/2024 година.“

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 февруари 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр.08-133/24
29 февруари 2024 година
Скопје